нои83

НОВА МАКЕДОНИЈА

ЛИК

СРЕДА 5.1.1994 ГОДИНА

16865,9

ТРАДИЦИОНАЛНА АНКЕТА НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“

# Кој настан, личност, дело?

**Продолжувајќи ја традицијата на истекот на една и на почетокот на друга година, да врши своевидно сондирање на јавното мислење за најзначајните случувања, или да ги одвои личностите и делата што најсилно го втиснале печатот на своите вредности во изминатите 12 месеци, Редакцијата „Нова Македонија“, во новогодишниот триброј објави дел од искажувањата на триесеттина еминентни претставници од нашето културно живеење. Во овој број на ЛИК го објавуваме „продолжението“ на анкетата која, се надеваме ќе ги издвои најзначајните пунктови во творештвото во текот на 1993 година**

**ЈОВАН СТЕФАНОВСКИ - ЖАН, АРХИТЕКТ**

## „Порта Влае“ – нова вредност

Станбените згради во комплексот „Порта Влае“ дело на архитектите Јовица Поп Трајков, Димитар Димитров, Росанда Минчева и Симеон Апостолски, презентирани на годинешново 7. Биенале на македонската архитектура, секако претставува едно од највредните и најзначајни архитектонски остварувања, реализирани кај нас последниве неколку години. Со него се создадени нови вредности во колективното станбено живеење.

Ходничкиот-галериски распоред на станбените единици, кој кај нас, за жал, не е широко прифатен, авторите смело го примениле и успешно вклопиле како во внатрешното така и во надворешното обликување на објектите. Обликувањето на блоковите и кулите е едноставно и јасно, произлезено од внатрешните содржини. Применети се отворени тераси, чардаци, вовлечени тремови, постигнат е отворен ритам на прозорци, сето тоа карактеристично за нашето традиционално градителство со овие објекти, македонската архитектура е збогатена со уште едно вредно дело кое секако ќе претставува насока и мерило во понатамошниот развој на архитектонската мисла.

**ВИКТОРИЈА ВАСЕВА ДИМЕСКА, КУСТОС**

## Димитар Манев, Анета Светиева

Она што посебно би го издвоиле како настан е делото на Димитар Манев, изложено на неговата последна самостојна изложба во Уметничката галерија во Скопје, каде што повторно го потврдува својот талент, својата инвентивност и специфичен однос кон сликата.

Посебна, специфична и „апартна“ личност во областа на скулпторскиот израз е Анета Светиева, автор што заслужува многу повеќе внимание отколку што досега ѝ е укажано. Низ севкупното Светиева е насочена кон „мистичните реликвии“ во вид на анонимни, аперсонални, антропоморфни архетипови кои во нашата свест предизвикуваат некои таинствени, недефинирани чувства, ја покренуваат драматичната човечка содржина.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ, ДИРЕКТОР НА ТЕАТАРОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ**

## Кукленото кабаре „Спомени во нокта“

Мојот избор, и покрај големата театарска понуда, сепак паѓа на претставата на Театарот за деца и младинци „Спомени во нокта“ од режисерот Боњо Лунгов, гостин од Софија. Ова, зашто „Спомени во нокта“ се примени со исклучителни комплименти од критиката, исто како и од публиката и зашто тоа е првото куклено кабаре изведено во Македонија. Голема храброст и квалитет претставува тоа што актерите, 26-те познати евергрин мелодии ги пеат во живо. Освен тоа, оваа претстава ја отвори и нашата младинска сцена. До сега во Театарот за деца и младинци функционираше само детската и куклена сцена. Уверен сум дека „Спомени во нокта“ ги поминува сите генерациски, географски и културни граници како претстава со широка уметничка комуникација.

**ДРАГАН БОШЊАКОВСКИ, ДИРЕКТОР НА УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА**

## Изложбите на Манев и Ташовски

Самостојните изложби на Димитар Манев и Вељо Ташовски што се одржаа во Уметничката галерија во Даут Пашин амам во Скопје во текот на 1993 година, за мене се настани на годината во областа на ликовната уметност, не само поради нивниот висок ликовен дострел, туку и поради нивниот различен ликовен приод и темперамент, присутен во нивните слики.

Темпераментот што го среќаваме во нашето културно наследство - фолклорот, особено во ритамот на ТЕШКОТО, кое во себе содржи нескротливи експлозии, е присутен во сликите на Димитар Манев, а беспрекорно смирената ритмика присутна е во сликите на Вељо Ташовски. Овие двајца сликари продолжуваат една флуидна состојба на духот која битисувала, а тие речиси сосема ја дофаќаат и ја обликуваат.

**ТОМЕ АРСОВСКИ, ПИСАТЕЛ**

## Тивкото заминување на Конески

Покрај многуте радосни настани во литературата, културата, издавачката жетва, во творештвото воопшто – особено крупен и нерадосен настан годинава беше тивкото заминување на нашиот учител и поет Блаже Конески. Ни даде многу, но не му беше судено да ни даде повеќе – а неговите многубројни дарби и неговиот интелект отидоа неистрошени.

Неговата сјајна ѕвезда го збогати најблескавото соѕвездие на македонските творечки гении од Климента и Прличева наваму. Поколенијата ќе му возвратат со истата љубов со која ни награди.

**ТАЊА ВУИСИЌ – ТОДОРОВСКА, БАЛЕРИНА**

## Балетот „Македонска повест“

Што значи едно врвно уметничко дело? Тоа треба да претставува синтеза на основните делови-сценографија, музика, кореографија, костими, исполнувачко мајсторство и сето тоа да доминира со врвни специфични особености. Во максимална исполнетост сето тоа е благодарејќи на авторите на делото изразено во претставата „Македонска повест“. Музиката на Глигор Смокварски оформена со мелодичност и силна музикална драматургија беше прекрасен материјал за богатата кореографска фантазија на Олга Милосавлева, изразена во прецизен кореографски стил со мотиви од нашиот фолклор, естетски украсено со мајсторска креација на еден автор перфекционист – Миодраг Табачки.

Либретото на Љубиша Георгиевски дава можност во ова дело со посебни обележја на поднебјето да живее како македонска балетска антологија.

**МИЛЕ КОРУБИН, СЛИКАР**

## Млада македонска ренесанса

Годинава што изминува 1993 – прави вонреден впечаток на сите полиња на нашиот развој. Јас како сликар сум возбуден од големиот број на изложби што се прават кај нас, па тешко ми е да издвојам автор. Оваа година – 1993 ја чувствувам како млада македонска ренесанса, година на маки, на страдања, година со многу големи настани, настани од историско значење. Токму затоа сакам да им заблагодарам на оние што најмногу се ангажирале и што дале и даваат напор, храброст и умеење, на сите оние од претседателот на државата, од првата влада и оваа сегашната што направија Република Македонија да не биде јаболко на раздорот на Балканот, туку јаболко за мир.

**ВЛАДИМИР ТАЛЕВСКИ, АРТИСТ**

## Античкиот театар во Хераклеа

Годината што измина според мене ја окарактеризира еден исклучителен настан од областа на културата: фактот дека проработи Античкиот театар во Хераклеа, кај Битола. Станува збор за сцената подигната во античка Хераклеа, која летово, по речиси дваесет века молк, одново ги прими публиката и актерите. По упорната работа на м-р Томе Јанакиевски, археолог, што траеше речиси две децении, овој реконструиран и ревитализиран објект за сценски изведби одново заживеа со што Македонија доби исклучителен простор за сценски изведби. Во него, како одделно доживување за публиката и за нас актерите беше претставата „Ојдип тиранинот“ што ансамблот на Народниот театар во Битола ја подготви специјално за отворањето на Античкиот театар во Хераклеа.

**НИКОЛА АТАНАСОВ, ДИРЕКТОР НА ОПЕРАТА ПРИ МНТ**

## Мајски оперски вечери

Бидејќи концертниот живот е речиси замрен, а и тие што се одржаа не ги посетив сите, покрај многу успешните „Скопско лето“ и „Охридско лето“, успешно организираните концерти на Македонската филхармонија, многу успешната турнеја на „Танец“ низ Австралија и неколку други настани, јас сепак би се определил за Мајските оперски вечери. Во светот постојат уште три вакви оперски манифестации. Многу светски имиња гостувале и понатаму ќе гостуваат. Годинава се одржаа 23. МОВ со пет оперски и една балетска претстава. На интернационалната манифестација земаа учество уметници од Белград, Загреб, Кореа, Истанбул, Москва, САД, Нов Зеланд, Германија односно покрај нашите настапија и 23 оперски пејачи и диригенти од сите меридијани. Одѕивот на публиката, вообичаено беше максимален. Мислам дека МОВ за прв пат можат да бидат промовирани за манифестација од особено значење во 1993 година.

**МИЛОРАД ДУШАНИЌ, ДИРЕКТОР НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА ВО ОХРИД**

## Македонија во ООН, Блаже Конески

Приемот на Република Македонија во Организацијата на обединетите нации и нејзиното признавање од големите сили и развиените земји во светот е настан што ја одбележа годината што измина. На признавањето гледам како на чин со кој нашата држава се прифаќа како еднаква со оние што нè признаваат во сите цивилизациски норми.

Блаже Конески, човекот којшто до мигот кога Господ го зеде меѓу своите ангели твореше и создаваше за својот народ и татковината за мене е личност на годината.

„Историјата на Македонија од древнина до смртта на Александар Македонски“ од д-р Васил Тупурковски ја издвојувам како дело на годината.

**КОСТА ХАЏИ АНТОНОВСКИ, ЛИКОВЕН ПЕДАГОГ**

## „Сказна за древна Македонија“ од Тупурковски

Не би сакал да навлезам во тоа дали и колку богат културен живот имавме оваа година. Сепак, по мое мислење, особено внимание заслужува книгата за деца „Сказна за древна Македонија“ од д-р Васил Тупурковски. Го издвојувам ова дело зашто мислам дека тоа со својата богата илустрација овозможува на еден специфичен начин, многу близок до светот на децата, да им го привлече вниманието на најмладите читатели и сликовито како низ бајка, да им ги претстави историските случувања, настани и личности.

Од друга страна пак, оваа книга е и повод за еден нов културен хепенинг што Детското ликовно студио го планира за на пролет. Станува збор за ликовен караван од околу 200 дечиња од Државава, кои со тоа што ја прочитале оваа книга ќе можат да создаваат ликовни творби на теми од книгата кои сепак нема да бидат копии, туку слика на претставите што децата ги стекнале за историските настани и личности.

**МИШО САМУИЛОВСКИ, ФИЛМСКИ СНИМАТЕЛ**

## Фестивалот „Браќа Манаки“

Голема радост ми причини одржувањето на 14 Фестивал на филмската камера во Битола, кој по едногодишен прекин, повторно се одржа, со финансиската поддршка на Министерството за култура, а во добрата организација на Кинотеката на Македонија која во краток рок успеа да го организира овој наш традиционален фестивал, на едно повисоко ниво.

На овој, веќе интернационален фестивал на филмската камера присуствуваа познати, светски имиња од филмот: сниматели, режисери, актери и критичари. Со добрата програма 14 фестивал „Браќа Манаки“ ја претстави новата концепција создадена во амбиентот на професионално интернационално филмско дружење. Годинава дојдовме и до меѓународно жири што ги одмери квалитетите на филмската камера, одржан е извонредниот Симпозиум и други придружни манифестации. Се надевам дека овој нов почеток ќе се доградува и дека во новата година ќе доживее уште поуспешен професионален растеж во кој нашите сниматели творечки ќе учествуваат со новите македонски играни филмски дела.